

# Б-ЛИНИИ

## **Б** како Берлин, **Линија** како цртеж, современа фигурација

**Cristina Artola**, Шпанија, **Svenja Schueffler**, Германија, **Archi Galenz**, Ерменија
**Laura Bruce**, САД, **Malte Brants**, Германија, **Martin Juef**, Германија, **Daniel Sambo Richter**, Германија
**Lovro Artukovic**, Хрватска, **Carola Goelner**, Германија, **Kavata Mbiti**, Швајцарија, **Nina + Torsten Römer**, Русија + Германија, **Genia Chef**, Русија, **Jovan Balov**, Македонија, **Dimitar Hristov**, Македонија, **Ana Matovska**, Македонија

СКОПСКО ЛЕТО-SKOPJE SUMMER 2013

## Б-линии...

Следејќи ја долго берлинската ликовна сцена, забележав во последните 10 години бројни паралелни естетски процеси, различни патишта по кои колегите го побараа излезот од севозможноста на периодот на постмодерната. Заедничко речиси за сите тие бурни настани во нивното творештво, е инситирање на формата како носител на содржината на ликовното дело, а тоа пак го отвори патот, повторно, кон реалистичкото визуелно размислување. Во тој период заврши процесот кој ја дефинираше, вреднуваше и позиционираше новата медиумска уметност, и во така добро средени релации и определби, уметниците што живеат и работат во Берлин, свесно и меѓусебе разбрано тргнаа секој по својот пат. Барајќи се и лоцирајќи се себеси во трендовите на таквата еклектичка берлинска ликовна сцена, неочекувано многу од колегите му се „вратија" на сликарството, ја препознаа вечната негова сила и ја применија „занаетската" или „традиционалната" сликарска постапка и процеси во современиот ликовен контекст и содржини.

Она што мене посебно ме фасцинираше во последните 5 години во Берлин, е прекрасната нова продукција на реалистично сликарство, а целта на оваа изложба е токму презентација на таквата извонредно богата продукција на современи содржини на сликарството и цртежот.

Изборот на уметниците што го направив за оваа изложба е во секој случај доследно презентирање на актуелните случувања во Берлин и на таквата ликовна проблематика, тоа се колеги кои делуваат во различни берлински групации, соработуваат со различни галеристи и институции и индивидуално се интернационално афирмирани автори. Меѓу нив покрај германските уметници

(Malte Brants, Carola Göllner, Martin Juef, Svenja Schüffler и Daniel Sambo Richter) се уметници од различни држави кои живеат во Берлин, (Laura Bruce – САД, Genia Chef – Русија, Димитар Христов, Ана Матовска - Македонија, Kavata Mbiti – Швајцарија, Ловро Артуковиќ – Хрватска, и Cristina Artola – Шпанија).

Овој мулти – култи избор на автори воедно ја презентира и реалната состојба, квалитетот и интернационалната важност на Берлин, во пошироки светски рамки.

Оваа изложба ќе може директно да ја пренесе и презентира атмосферата на берлинската ликовна сцена во Скопје и Македонија, а преку прекрасните дела (слики и цртежи на хартија) реализирани со извонредна техничка уметност на уметниците ќе укаже на повторното откривање на реалистичкото сликарство и цртеж како исход на ликовниот процес кој повторно доаѓа до формата и содржината во ликовната уметност денес. Преку традиционалните ликовни постапки и техники ИЗЛОЖБАТА „Б – ЛИНИИ" ќе го презентира интересот за новите современи содржини, теми и форми кои се обработуваат или користат во тој нов или повторно откриен начин на работа.

**Јован Балов**
2013

Урбана Уметност
СКОПСКО ЛЕТО 2013
Skopje summer
ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE
СКОПЈЕ СЕ СЕЌАВА 26.7.1963

**Арчи Галентц**, роден 1971 година во Москва. Во 1989 година се запишува на факултетот за уметност и театар во Ереван, Ерменија. Во 1991 предава во средното училиште „М. Себастаци“, во Ереван, Ерменија.Во 1992 студира на Универзитетот за уметности во Берлин кај професор Хирзиг, професор Фусман, професор Хурда и професор Кербер. Во 1996 е апсолвент на Универзитетот за уметности во Берлин. Во 1997 е на магистратура кај проф. Фусман.





Самостојни изложби (Селекција):

2012 „Живопис“, Галерија на Друштвото за заштита на граѓанските права и човечкото достоинство, Берлин

2011 „Атлантис 2011“, Палата Зенобио, Венеција,„Манана Леско – Московска преписка“, Директорска куќа, Берлин

2010 „10.Меѓународно биенале на минијатури“, Горни Милановац, Србија „Арчи Галенц. Селекција“, ВР-Банка, Ерланген,„Со моите очи“, со Ј. Балов, ИнтериорДаЗајн

2007 „Можеби е…Ерменија“ со Соња Абгарјан, Ателје Л. Колбасина, Берлин, „Заштитница. Поза како позиција“, Клуб, Ереван (К-ЦД)

2006 „УСТА, имаш ли некој АСТАР (постава)?“, Прима Центар, Берлин (К-ЦД)

2005 „Од денес за 16години“ Прима Центар, Берлин (К-ЦД), „60 ЛЕТ…“ Вселен стан, Шарлотенбург, Берлин, „Црвен Ноември“, Ателје на Мариана Тралау, Екернферде

---







**Мартин Јуеф,** роден е 1966 година во Берлин. Од 1985-1992 студира сликарство на Универзитетот за уметности во Берлин. Во 2006 магистрира, Уметност во контекст, на Универзитет за уметности во Берлин.

Самостојни изложби (Селекција):

2009 Судир, ОКК/Простор29, Берлин.

2008 Нагоре, надолу, навнатре, Уметничко друштво Франкфурт/Одер.

2003 *Магазин*, Студио за проектирање Трилоф, Келн.

1999 Хоби и гордост. Камп Интимен Простор, Галерија Урбана тема Регистрирано друштво, Берлин.
*Приватни стандарди*, Галерија во катна гаража, Берлин.

1994 Добредојде Потоси, Уметничко друштво Шеринг, Берлин.

Учествувал на повеќе групни изложби во Германија, Македонија, Чешка, САД, Словачка, Русија, и во повеќе други држави.

Збирки: Дојче Банк; Инвестициска банка Берлин; Моравски музеј за современа уметност Оломоуц (Чешка).

www.martinjuef.de

**Даниел Самбо – Рихтер**, роден е 1966 во Герлиц, живее и работи во Берлин и покраината Бранденбург.Од 1982 – 85 е на напредни студии по сликарство и графика на Универзитетот за ликовни уметности во Дрезден во Котбус. Во 1994 добива стипендија на Кете-Дорш Фондација, во Берлин.Во 1996 добива стипендија и работен престој во Фондација за култура- Шпаркасе Хесен-Тиринген, Дом на уметници, Вилингхаузен. Носител е на награда за ликовна уметност на покраината Бранденбург. Во 1998 добива работна стипендија на Фондацијата Фонд за култура во Берлин. Во 2000 добива стипендија и работен престој во Бемис Центар за современа уметност, во Омаха, Небраска/ САД; Работна стипендија на покраината Бранденбург.



Самостојни изложби (Селекција)

2003 Уметнички простор GLüCK 21, Берлин
2004 *Портрети*, Перална, Потсдам, со Јоахим Шмид, *Кокон*,мок- Галерија Арт Нау, Берлин
2006 *Хистерија*, Интер-Галерија, Потсдам
2007 *РЕАЛ*, Галерија Германска Куќа, Њујорк, *Нови дела*, Галерија Недела, Котбус
2008 *Германски фрагменти*, 84 GHz, Минхен, *Германски фрагменти II*, Галерија Роуланд/Кучера, Берлин
2009 *Импакт*, Галерија Емерсон, Берлин, Фатенфал Европа Мајнинг & Џенерејшн, Котбус
2011 *Хоризонти*, Галерија ЕЛИНГА, Луанда/Ангола
2012 *Магнетно поле*, Галерија Листрос, Берлин

Учествувал на повеќе групни изложби во Германија, Полска, Данска, Србија и во повеќе други држави.

www.samborichter.de



**Ловро Артуковиќ,** 1979-1983 - Академија на уметностите, Оддел за графика, Диплома.1983-1987- Самовработен уметник и графички дизајнер во Загреб. 1987-1992 - Школа за применета уметност и дизајн, Загреб, Предавач. 1992-1994 - Самовработен уметник и графички дизајнер во Загреб. 1994-2003 - Академија на уметностите во Загреб, Доцент. Од 2003 - Самовработен уметник во Берлин

Самостојни изложби (Селекција)

2003 Галерија Злати Ајнгел, Вараждин
2004 *Магазинот*, Загрепски текстилен комбинат (ТКЦ), *Безтежински слики*, Лабор 019, Берлин
2005 Музеј на современа уметност, Москва (со Жељко Кипке и Златан Врклјан), *Набљудување*, Прима Центар, Берлин , *Без многу зборови*, Галерија 01, Загреб, *Набљудување*, Галерија Уметничко студио Лазарети, Дубровник
2006 *64*, Галерија Јосип Рачил, Загреб, *Како ништо да не било*, Градска библиотека, Комижа
2007 *Его трип*, Линиенштрасе 113, Берлин
2008 *Најдобрите слики*, Галерија Кловичеви двори, Загреб , *Декларацијата*, Хаус Унгарн/.БХЦ Колектив, Берлин

Учествувал на повеќе групни изложби во Хрватска и во повеќе други држави.

www.lovro-artukovic.com

**Ана Матовска** родена е во Скопје 1982 година.- Во 2006г. дипломира на "Факултетот за ликовни уметности" – во Скопје отсек Графика со графички дизајн – во класата на Проф. Димитар Малиданов.- Во 2013г. дипломира на Berliner Technische Kunstschule (Akademie für Gestaltung) отсек Комуникација дизајн.- Член на ДЛУМ , 2007 година. Член на Berufsverband Bildender Künstler Berlin , 2013 година. Од септември 2009 година живее и работи во Берлин , Германија



Самостојни изложби :

2007 Берлин "Множење на конкретното" – Прима центар Берлин
2007 Скопје "Множење на конкретното" – Отворено графичко студио – Музеј на град Скопје
2009 Берлин "Gaudeaumus igitur" – Прима центар Берлин
2012 Њујорк "Related parties" – Gallery MC

Учествувала на повеќе групни изложби.

www.matovska.com





**Кристина Артола,** Билбао, 1975. Работи како уметник во Берлин и Билбао. Главен фокус и се цртањето, фотографијата и видео инсталациите. Паралелно со нејзината уметничка дејност остварува и голем број на интердисциплинарни уметнички проекти (види Листа на изложби).

**Студии**

1993-1998 Диплома Слободна Уметност, Фокус Скулптура, Универзитет на Баскиската држава, Леиоа-Билбао, Шпанија
1997 Еразмус стипендија, Универзитет за уметност, Берлин
1999-2002 Мастер, Уметноста во контекст, Универзитет за уметност, Берлин, Фокус: Нови медиуми, Реализирање на изложби, Уметност на отворен простор

Изложби (Селекција)

2012 Видео инсталација "Санирани" Берлински ѕид Фондација Берлин "нештата јас секогаш ги носам со мене", Espacio abisal, Барселона

2011 Оптика фестивал Мадрид, Буенос Аирес, Тел Авив, 08 Берлин галерија, Берлин; Остатокот од бои, студио Soldina, Берлин, произведено во транзит, Прима центар Берлин (Д)

www.cristina-artola.de

**Димитар Христов,** роден е 1983 година во Битола, Македонија.

Средно училиште завршува во средното уметничко училиште „Лазар Личеноски" во Скопје, Македонија. Академија за ликовна уметност завршува во Софија, Бугарија.

Самостојни изложби: 2005 во Софија, Бугарија, 2010 во Битола, Кавадарци, и Прилеп, Македонија

Учествувал на повеќе групни изложби во Македонија.





**Лаура Брус**, родена е 1959 година во Њу Џерси, САД. Живее и работи во Берлин, Германија. Од 1995-97 учи вајарство на Училиштето за современи уметности Слејд, во Лондон. Од 1980-83 студира сликарство на Државниот универзитет на Њу Јорк, во Њу Плац. 1980 посетува курсеви во Прат институтот во Бруклин,Њу Јорк. Од 1995-99 живее и работи во Лондон.

Изложби:

2011 Vattenfall Foundation, Берлин
2011 Whippersnapper, Fahnemann, Берлин
2008 The Hunt , Берлин
2007 Delikatessenhaus, Лајпциг
2006 Galerie Pankow, Берлин
2005 Галерија Ulrike Buschlinger, Виесбаден
2004 Büro für Kunst, Дрезден
2003 Floating IP, Манчестер
2002 Grasslands, Бруклин
2002 Büro für Kunst, Дрезден
2000 Галерија Im Parkhaus, Берлин



**Малте Брантс** роден е во 1973 година во Олденбург, Германија. Работи како уметник, фотограф и куратор. Тој е претседател на Клубот за интеркултурални комуникации Raum 20 e.V. и „Kulturpartei" политичка партија формирана во 2006 во Берлин. Од 1995 до 1999 студира Историја на уметност на универзитетот во Берлин. Работи во Берлин и Клајн-Зетелвитз, Германија.



**Изложби** (селекција)

2012 Галерија Thomas Crämer, Берлин
2011 Галерија Hoffmann + Weiss, Берлин
2011 Галерија Thomas Crämer, Берлин
2011 Divus, Прага
2010 Südost Europa Kultur e.V, Берлин
2010 Галерија Weißer Elefant, Берлин
2010 Forgotten бар, Берлин
2009 Mecklenburg-Vorpommern биенале
2007 Галерија La Loge, Париз

Учествувал на многубројни групни изложби во многу градови во сетот.
Проекти: „Nashville Stars" и „ The Dangerpony Project" заедно со Loushy Art and Projects, Тел Авив

www.maltebrants.com



**Свења Шифлер** Од 1994-2001 студира на Техничкиот универзитет во Дамштат, одсек геолог; Политехничкиот институт во Хавана, Куба, и Дипломира во Сагрена, Италја. Од 2006- 2009 Магистрира на гео информатика, наука и системи на универзитетот во Салзбург.

Изложби (селекција)

2012 MACparis 2012 art contemporain, Espace Champerret , Париз
2012 Berliner Liste 2012, MUMA, Берлин
2011 Salon KuiperDomingos, Берлин
2011 Berliner Kunstsalon, Берлин
2011 Prima Center, Берлин
2009 Библиотека Wissenschaftspark Albert Einstein, Потсдам
2009 Музички и медиацентар Ostkreuz, Берлин

Работи и на многубројни 2D и 3D анимации за театарски претстави и перформанси , како и за филм.

www.svenja-schueffer.de

**Каролина Гилнер** е родена во Берлин во 1961година. По завршувањето сликарство на ликовната академнија во Берлин, завршува постдипломски студии во 1986 годин. Работи на Хималаите(1988), како и во Австралија и Нов Зеланд (1963). Од 1983, има повеќе изложби во Герамнија и странство, во моментов најмногу во Лондон, Париз, Њу Јорк и Стокхолм. Живее и работи во Берлин.









**Јован Балов** е роден 1961 година во Скопје. Во 1984 дипломира на Факултетот за историја на уметност со археологија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" , Скопје, а во 1987 на Факултетот за ликовни уметности,одсек сликарство, на Универзитетот Св.Кирили и Методиј во Скопје. Во 1995 година заминува за Берлин каде што живее и работи како независен уметник. 2001 година работи во културната програма на Прима центарот во Скопје, а во 2004 во Прима центарот во Берлин. Од 2005 до 2007 година работи во културната програма во Колонијата „ Wedding" , Берлин.

Во 2007 година ја добива наградата „Rigas Charta" во Атина, Грција.

www.balov.de





**Гениа Шеф** – роден е во 1954 година во Актјубинск, Казахстан, каде семејството било во политички азил. Во 1961 семејството се враќа од Казахстан во Москва.Член е на Друштвото на ликовни уметници на Москва и на независно здружение на уметници. Во 1985 живее и работи во Германија, Шпанија и Њу Јорк. Во 1986 е член е на друштвото на уметници на Сојузна Република Германија. Од 1988 – 93 студира на Академијата на ликовни уметности во Виена, Австрија, каде во 1993 и магистрира.





Самостојни изложби ( селекција)

1989 Gallery Maria Salvat, Барцелона, Шпанија
1991-92 House of Latin America, Monte Carlo, Monaco,
1992 Sammer Gallery, Madrid, Шпанија
1994-95 „Neo-Mythology and Regressive Projects", Stuart Levy Fine Art, ЊуЈорк, САД
1997 „Promenades in Arcadia", Italian Culture Institute, Берлин, Германија
2002 Sigmund Freud`s Dreams Museum, St. Petersburg,Русија во соработка со Музејот на современа уметност од Trento and Rovereto Италија
2004 „Danses de la mort", White Space Gallery, Лондон, Англија
2005 „Gloria Novi Saeculi", Experimental Art Foundation, Аделаида, Австралија
2011 „Glory of a New Century", State Russian Museum, St. Petersburg, Русија



**Нина+Торстен Ромер -** Ромер е роден во 1968 година во Ахен, Западна Германија. Нина Ромер , родена како Нина Тангиан е родена во 1978 годнина во Москва, Русија. Студираат заедно на Академијата за уметност во Дизелдорф и магистрираат со најголеми пофалби во класата на професор А.Р.Пенк. Од 1998 година работат заедно како уметнички пар во нивните проекти и во 1999 учествуваат во основањето на арт проектот M°A°I°S. Живеат и раборат во Берли, Германија.

Самостојни изложби:

2013 Zhan Zhou интернационалиниот културен и креативен парк , Пекинк, Кина
2012 Галерија Galerie Peithner-Lichtenfels , Виена, Австрија
Галерија Michael Schultz, Сеул, Кореа
2011 Галерија Michael Schultz, Берлин, Германија
Галерија Supper, Карлсруе, Германија
Галерија von Braunbehrens, Минхен, Германија
2010 Kunsthalle Рошток, Рошток, Германија
Музејот Gwangju Art, Кореа
Галерија Michael Schultz, Берлин, Германија
2009 Галерија Kampl, Минхен, Германија
Галерија Michael Schultz, Сеул, Кореа
2008 Галерија Michael Schultz, Берлин, Германија
2007 Галерија Hyundai, Сеул, Кореа

Учествувале и на многубројни биеналиња.

**Кавата Мбити** е роден во 1976 година во Нион, Швајцарија. Во 1996 почнува да студира вајарство на Универзитетот за применета уметност во Виена, а во 2000 се сели во Берлин на Универзитетот за уметност. Во 2002 магистрира кај професорот Тони Краг во Берлин и од 2005 – 2010 предава на Универзитетот во Берлин.

Изложби (селекција)

| | |
|---|---|
| 2003 | Универзитер за уметност, Берлин |
| | Галерија Margit Haldemann, Берн |
| 2004 | Галерија Michael Schultz, Берлин |
| | Арт музеј, Хале |
| 2005 | Арт центар, Берлин |
| | Арт музеј, Рошток |
| 2006 | Галерија, Dump man, Берн |
| 2007 | Музеј Georg Kolbe, Берлин |
| | Галерија Seitz + Partner, Берлин |
| 2008 | Villa Bernasconi, Женева |
| 2009 | Музеј на современа уметност , Скопје |
| | Temporary Kunsthalle, Берлин |
| 2010 | Галерија Seitz, Берлин |
| 2011 | Арт музеј, Тун |
| 2012 | Куќа на уметности, Гренхен |



Издавач: Дирекција за култура и уметност - Скопје
Скопско лето 2013
За издавачот: Мирко Стефаноски
Организација: Ната Кецкаровска
Дизајн: Горан Јованов
Печати: Дата понс
Тираж: 300

Publisher: Directorate of Culture and Arts - Skopje
SKOPJE SUMMER 2013
For the publisher: Mirko Stefanoski
Organizacion: Nata Keckarovska
Design: Goran Jovanov
Printed: Data Pons
Copies: 300

Изложбата е поддржана од: Министерство за култура

Благодарност до: NLB Тутунска банка

Град Скопје
OZON Air природен избор
PORSCHE MACEDONIA
МЕПСО
ЕМК мали хидроелектрани
ГОРСКА вода
ПЕЛИСТЕР
HOTEL MRAMOR HOME AWAY FROM HOME®

Дирекција за култура и уметност – Скопје
Directorate of Culture and Arts - Skopje
бул. „ Св. Климент Охридски“ б.б. п.фах 519
тел/факс: 3222 341, 3165 064
e–mail: skleto@unet.com.mk, www.dku.org.mk